Кошаркарска Федерација на Северна Македонија

**Здружение на клубови – Прва Лига Мажи**
**Здружение на клубови – Прва Лига Жени**
**Здружение на клубови – Втора Лига Мажи**

# БИЛТЕН

***НА СЕНИОРСКИТЕ КОШАРКАРСКИ ЛИГИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА***

***СЕЗОНА 2019/2020***

| | |
|---|---|
| Број | **01** |
| Датум | **18.10.2019** |
| **www.kfsm.mk** | |

Билтенот е официјално гласило на канцеларијата на Сениорските Лиги на КФСМ

| ПРВА ЛИГА МАЖИ | РЕГИСТРИРАЊЕ НАТПРЕВАРИ | КОЛО 01 12.10.2018 |
|---|---|---|

*Врз основа на член 13 од Правилникот за натпреварување, согласно член 49, 50, 51, 52, 53, 54, 55, 56, 57, 58, 59, 60, 61, 62 и 63 од Пропозициите за натпреварување на КФСМ, Комесарот за натпреварување на* ***ден 18.10.2018*** *год., Комесарот за натпреварување ги разгледа извештаите на службените лица од одиграните натпревари од* ***01-то коло ПРВА ЛИГА МАЖИ.*** *Од увидот во извештаите и документацијата, констатирано е следното:*

| шифра | Натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/01** | **ВАРДАР – ЕУРО НИКЕЛ 2005** | 18-28 | 20-20 | 22-25 | 22-19 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Теофиловски А. | Митровски З. | Давидов А. | Златевски А. | **82 – 92** |

Забелешки

Досудена Т.Г. на играчот на КК Еуро Никел 2005 Бакоч Ф. (172) поради задржување на игра после постигнат кош.
За време на 4 период од натпреварот во теренот втрчало детенце од публиката, слабата редарска служба не го спречила неговото втрчување.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | Натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/02** | **КОЖУВ – МЗТ СКОПЈЕ АЕРОДРОМ** | 21-21 | 16-21 | 26-18 | 13-18 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Пиперков Ѓ. | Павлов А. | Феревски А. | Јакимовски Н. | **76 - 78** |

Забелешки

Звучниот сигнал на часовникот за игра и 24 секунди слабо чуен, па во бучава користена свирка како подршка. Црвеното светло по обиколницата функционирало на почетокот на натпреварот, но потоа се загубило. Жолтата испрекината линија за 24 секунди не постои.
Досудена Т.Г. на играчот на КК МЗТ Скопје А. Магдевски А. (144) поради приговор на судиска одлука.
Во неколку наврати вулгарно и некоректно дофрлување и скандирање од страна на навивачката група на КК Кожув упатено кон гостинската екипа. Играчите на КК Кожув немаат презимиња на дресовите. Сите играчи на МЗТ Скопје А. на дресовите немаат лого на КФСМ.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/03** | **РАБОТНИЧКИ – МЗТ СКОПЈЕ УНИ БАНКА** | 24-14 | 24-21 | 27-16 | 28-07 | | |

| Делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | Конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Хорват С. | Цветаноски В. | Бошковски Г. | Лазов Б. | **103 – 58** |

Забелешки

Слабо светлото во салата, во соблекувалната кај судиите нема туш, палките за покажување лични грешки искршени, стрелката за посед голема и пречи на записничката маса.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/04** | **ГОСТИВАР – АКАДЕМИЈА ФМП** | 25-15 | 16-23 | 24-18 | 30-19 | | |

| делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Панајотовиќ В. | Мијалковски И. | Антовски Б. | Крстевски В. | **95 - 75** |

Забелешки

Без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| Шифра | натпревар | 1/4 | 2/4 | 3/4 | 4/4 | пр. 1 | пр. 2 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1М/05** | **КУМАНОВО 2009 - ПЕЛИСТЕР** | 17-17 | 15-18 | 23-21 | 29-23 | | |

| Делегат | судија 1 | судија 2 | судија 3 | Конечен резултат |
|---|---|---|---|---|
| Дојчиновски Д. | Митровски И. | Панов Т. | Јанков Р. | **84 - 79** |

Забелешки

Тренерот на КК Куманово во спортски патики. Тренерот на КК Пелистер во фармерки , спортски патики палто без кошула. Слабо осветлување во салата, слаба сирена, записничката маса не е доволно долга и нема место за сите што треба да седат. Линиите на теренот не се јасно обележани, пожелно да се поминат со боја повторно. Дисциплината на клупата на КК Куманово 2009 на моменти малку проблематична, но била солидно изменаџирана од судиите.
Досудена Т.Г. на тренерот на КК Куманово 2009 Петровиќ А. поради неспортски однос кон противнички играч.
Досудена Т.Г. на играчот на КК Пелистер Мекиќ А. (164) поради неспортски однос кон противнички тренер.
Останатото без забелешки од страна на обете екипи и службените лица.

| ПРВА ЛИГА МАЖИ | ОДЛУКИ | КОЛО 01 | 12.10.2019 |
|---|---|---|---|

| | |
|---|---|
| 01. | Одиграните натпревари се регистрираат со постигнатите резултати. |
| 02. | Играчот на КК Еуро Никел 2005 Бакоч Ф.(172) за досудена Т.Г. по член 53.35 се казнува со парична казна во износ од **3.200,00 денари** |
| 03. | Се опоменува екипата на КК Вардар во иднина да ја доведе во ред редарската служба, обележи и да внимава на однесувањето на гледачите. |
| 04. | Се опоменува екипата на КК Кожув во иднина да ги доведе во ред техничките уреди во салата. |
| 05. | Играчот на КК МЗТ Скопје А. Магдевски А.(144) за досудена Т.Г. по член 53.35 се казнува со парична казна во износ од **3.200,00 денари** |
| 06. | Се опоменува екипата на КК Кожув во иднина да внимава на однесувањето на гледачите. |
| 07. | Се опоменува екипата на КК МЗТ Скопје Аеродррom да стави лого на КФСМ на предната страна на дресовите, а екипата на КК Кожув презимиња на дресовите на играчите. |
| 08. | Се опоменува екипата на КК Работнички во иднина да ги доведе во ред палките за покажување лични грешки и стрелката за посед, осветлувањето во салата и соблекувалната на службените лица (обезбеди туш). |
| 09. | Се опоменуваат тренерите на КК Куманово и КК Пелистер во иднина да бидат формално облечени (одело со или без вратоврска). |
| 10. | Се опоменува екипата на КК Куманово во иднина да ги доведе во ред техничките уреди во салата, осветлувањето во салата, записничката маса и линиите на теренот. |
| 11. | Тренерот на КК Куманово 2009 Петровиќ А. за досудена Т.Г. по член 53.35 се казнува со парична казна во износ од **3.200,00 денари** |
| 12. | Играчот на КК Пелистер Мекиќ А.(164) за досудена Т.Г. по член 53.35 се казнува со парична казна во износ од **3.200,00 денари** |
| | **За изречените казни ке бидат доставени фактури со рок на плаќање наведен во фактурата.** Комесар за натпреварување М-р Гечевски Лазар |

| ТАБЕЛА ПРВА ЛИГА МАЖИ | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| # | екипа | он | поб | пор | Кд | кп | кр | бод |
| 1 | Работнички | 1 | 1 | 0 | 103 | 58 | 45 | 2 |
| 2 | Гостивар | 1 | 1 | 0 | 95 | 75 | 20 | 2 |
| 3 | Еуро Никел 2005 | 1 | 1 | 0 | 92 | 82 | 10 | 2 |
| 4 | Куманово 2009 | 1 | 1 | 0 | 84 | 79 | 5 | 2 |
| 5 | МЗТ Скопје А. | 1 | 1 | 0 | 78 | 76 | 2 | 2 |
| 6 | Кожув | 1 | 0 | 1 | 76 | 78 | -2 | 1 |
| 7 | Пелистер | 1 | 0 | 1 | 79 | 84 | -5 | 1 |
| 8 | Вардар | 1 | 0 | 1 | 82 | 92 | -10 | 1 |
| 9 | Академија ФМП | 1 | 0 | 1 | 75 | 95 | -20 | 1 |
| 10 | МЗТ С. Уни Банка | 1 | 0 | 1 | 58 | 103 | -45 | 1 |